Australian Macedonian
TODAY
35 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXV No 1994 24 JANUARY 2025 FREE

# ЗАПАДОТ ЈА ЛАЖЕШЕ УКРАИНА ДЕКА ЌЕ БИДЕ ДЕЛ ОД НАТО




Ветувањата на Западот дека еден ден ќе ја прифати Украина во НАТО биле „лага“, рече Зеленски, објави Украинска правда.

Во исто време, САД и Германија одржуваа контакти со Русија во текот на целата војна

„Од некои држави, мислам дека првично не беше многу транспарентна политика, не не поддржаа во НАТО. И тоа беа само лажни зборови дека, да, Украина ќе биде во НАТО. Тоа беше неправедно кон Украина и Украинците. Беше неправедно и од нашите лидери, тие ветија дека ќе бидеме во НАТО и мислам дека имаше слаба позиција на Германија и САД, бидејќи тие секогаш се повикуваат на фактот дека некогаш имало некакви договори со Русите, рече Зеленски.

Според него, западните земји претходно воделе „не многу визионерска политика“, давајќи лажни ветувања за влез на Украина во НАТО, бидејќи по децении интеграција во алијансата тоа не се случи.



# МАЈКА ГО ТРУЕЛА БЕБЕТО ЗА ДА ГО ЗГОЛЕМИ БРОЈОТ НА СЛЕДБЕНИЦИ НА ИНСТАГРАМ

Австралиска инфлуенсерка Алана Алисон е обвинета дека намерно го труела своето дете за да добие донации и со тоа да го зголеми бројот на следбеници на Интернет.

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# На Владата и треба нов авион, сегашниот е мал и издрндан



Службата за општи и заеднички работи (СОЗР) на Владата е во потрага по ново авионче со кое би се превезувале владините функционери кога одат на посети во странство. Сегашниот владиниот авион „лирџет 60“ не ги исполнува потребите на државата – има само 6седишта и многу често е на поправки. Произведен е во 2004 во Вичита, Канзас, во фабриката на „Бомбардиер аероспејс“ и и е во сообраќај од јануари 2005 година. Купен е на ново во време на Владата на Владимир Бучковски. Според перформансите тој е бизнис авион со долет на средни линии, односно од Македонија може да лета низ Европа и до Блискиот Исток, но не и на прекуокеански летови.

Директорот на СОЗР, Ивица Томовски, вели дека за него веќе не се произведуваат делови односно, за поправки се користат репарирани делови (од 2017 до сега се потрошиле околу 3.5 милиони евра за поправки). Тој смета дека државата треба да набави нов владин авион.

- Можеби и половен авион, но не постар од 2-3 години. Сум разговарал со повеќе лица и кај сите има заинтересираност да дискутираме околу набавка на нов, поголем авион со барем најмалку 14-15 седишта, за да собере поголема делегација, истакна Томовски.

Според проценките нов авион би чинел од 30 до 40 милиони евра па нагоре, а опцијата за половен авион би чинела околу 15 милиони евра. Сепак, Томовски нагласува дека одлуката треба да ја донесат стручни лица, како пилоти и авиомеханичари, кои најдобро ја разбираат состојбата на пазарот и барањата за безбедност.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

## Куманово има 174 ученици помалку во второто полугодие - се иселиле со семејствата

Вкупно 174 ученици од основните и средни училишта во Куманово се отпишале на крајот на првото полугодие на учебната 2024/25 г., затоа што со семејствата се отселите во странство или во другите општини во земјата. Од нив, од основно образование си заминале 111 деца, а од средните училишта 63.

Во Општна Куманово учебната 2024/2025 година ја започнале 13.454 ученици, од кои во основните училишта 9.610 ученици и 3.844 во средните училишта

Најмногу отпишувања има од централното градско подрачје.






# На Онкологија пак нема биолошка терапија за болните од канцер




Нов колапс се случува во моментов на Клиниката за онкологија во скопје, бидејќи нема биолошки терапии кои го продолжуваат животот на пациентите поради несоодветно планирање на количините и лошо проектирање на потребните пари. Се добива впечаток дека постојано на болните од карцином „се штеди". Во моментов на Клиниката нема шест клучни лекови: Atezolizumab (Tecentriq), Bevacizumab (Avastin), Palbociclib, Ribociclib, Fulvestrant, Cetuximab а постои голема можност во брзо време да снема Trastuzumab emtansine (Kadcyla), Nivolumab, Cobimetinib и Vemurafenib.

Станува збор за лекови наменети за болни од канцери на бели дробови, на матка, на гради и на дебело црево.

Еве како се објаснуваат причините за тоа што „има снемано" лекови:

- Клиниката за онкологија не е во можност да одговори на зголемувањето на бројот на пациентите со метастаски канцери и тоа е една од причините зошто се појави овој недостаток. Како втора причина и нешто што ние пациентите го гледаме како позитивен исход а тоа е се продолжува животот на пациентите и затоа подолго период имаат потреба од оваа терапија. Иако минатата година со анекс се одобрија дополни средства очигледно и тие не беа доволни. Онкологија се обидува да добие дополнително сретства за да се затвори оваа дупка до одобрување на новиот буџет, изјави за „Слободен печат" Ана Маријановиќ, онколошка пациентка од здружението „Хема-Онко".

Откако на социјалните мрежи се прошири информацијата дека нема лекови, пациентите почнаа да стравуваат за своето здравје, се создаде паника. За некои лекови нема начин да се купат ни од Србија, иако за одредени таблети, можноста постои. Сепак, државата по којзнае кој пат предизвикува вакво доцнење врз најранливите категории чии животи зависат од овие терапии. Клиниката постојано се соочува со поголем и поголем број на пациенти, но планираните буџети што се доделуваат не растат правопропорционално. Пациентите инсистираат биолошките лекови веднаш, без да се чека и одолговлекува со години – да се стават на позитивната листа на лекови.

Во Македонија нема регистар за да може точно да се определи колку пациенти треба да примаат одредена терапија. Затоа на секои 6 месеци се јавува ваков период на стравување, недостаток, пациенти оставени на цедило. Новиот директор на Фондот за здравство Сашо Клековски на предновогодишен брифинг со новинарите најави идеја: сите лекови што се под 100 денари да се отстранат од позитивната листа и ослободените пари на таков начин да се алоцираат за поскапа терапија меѓу која е и онколошката. Но сите овие процеси одземаат време, а пациентите со рак немаат време за чекање. Секое вакво одолговлекување негативно влијае на нивното чувство на сигурност.

За клиниката беше отворена истрага од Основното јавно обвинителство за злоупотреби со терапии во 2023 година.




# Предизборна офанзива на Албанезе

Младите Австралијци се соочуваат со сериозни потешкотии поради високите трошоци за живот, а многумина не можат да ја платат киријата без помош од своите родители. Неофицијалната изборна кампања за 2025 година веќе е во тек, а прајминистерот **Ентони Албанезе** почна со акција во три држави на почетокот на новата година. Кампањата практично почна со распределба на значителна сума пари во *Квинсленд* за голем проект за безбедност на патиштата, пред **Албанезе** да отпатува во *Северната Територија* и *Западна Австралија*.

*„Северната офанзива на шармот"* на прајминистерот тргна од *Саншајн Коуст*, продолжи во *Рокхемптон, Кернс* и во внатрешноста до *Маунт Иса*. Се очекува **Албанезе** да продолжи со ветувања и подароци во *Квинсленд*, каде лабуристите очајно се борат да ги задржат своите места. Лабуристите се надеваат дека инвестицијата од $7.2 милијарди за *„Брус хајвеј,"* кој ќе ги поврзува сите поголеми крајбрежни градови и гратчиња во



*Квинсленд*, ќе им помогне да ги привлечат гласачите кои ја отфрлија државната лабуристичка влада минатата година.

**Албанезе** ги посети *Кимберли* во *Западна Австралија*, пред да се упати во *Перт*, каде неговата влада ќе мора да го задржи критичното бирачко тело стекнато во 2022 година. Прајминистерот ќе ги презентира претстојните избори, кои може да бидат распишани било кога, но најдоцна до 17 мај, како *„избор меѓу изградба на иднината на Австралија или враќање на земјата назад"*.

*„Мојата влада се грижи за Австралијците. Затоа им даваме олеснувања за трошоците за живот, го зајакнуваме Медикер, вложуваме во инфраструктурата, грижата за децата и достоинствена нега за постарите лица. Во текот на следните три години можеме заедно да работиме на изградба на темели кои претходно ги поставивме"* - изјави прајминистерот **Албанезе**. Предизборната кампања почнува во време кога се очекуваат новите податоци за индексот на потрошувачки цени (*ЦПИ*) за ноември. Овие податоци, кои наскоро ќе бидат објавени, би можеле да дадат клучен увид во тоа дали инфлацијата продолжила да се намалува доволно за одборот на *РБА* да ја разгледа можноста за намалување на каматните стапки на првиот состанок во февруари 2025 година. Благајникот **Џим Чалмерс** е претпазлив оптимист, нагласувајќи дека „се-то тоа што има два напред" покажало значителен напредок во борбата против инфлацијата. *„Инфлацијата беше повисока и растеше под либералите, а сега е многу пониска и се намалува под лабуристите"* - изјави **Чалмерс**. Додавајќи, како и секоја сериозна влада, нивниот фокус бил кон борбата против инфлацијата и обезбедување помош за трошоците за живот, што се покажало како охрабрувачки напредок. Пазарните очекувањата за *Индексот на потрошувачки цени (ЦПИ)*, кој треба да биде објавен оваа недела, се движат меѓу 2.1% и 2.7% за годината до ноември. Во меѓувреме, министерот за здравство, **Марк Батлер**, се насочи



Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката
ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

кон Коалицијата, обвинувајќи ја опозицијата дека повеќе била заинтересирана за борба против *„културни војни"* наместо кон *„борбата против инфлацијата"*. Откако било откриено дека владата потрошила над $450,000 на абориџински церемонии за добредојде во земјата во последните две години, нагласувајќи дека ништо не се променило во пристапот на *Комонвелтот* кон овие церемонии од изборите во 2022 година.

Од друга страна, младите Австралијци се борат со трошоците за живот и мнoгумина не можат да ја платат киријата без помош од своите родители. Најновото истражување покажува дека над четвртина од младите планираат да се иселат од родителскиот дом на возраст од 25 до 29 години, додека три отсто планираат да се иселат по 30-тата година, а уште три отсто не планираат да се отселат воопшто. Минатата година, поради високите трошоци за живот и проблеми со домувањето, секој седми млад Австралиец се вратил во семејниот дом. Истражувањето покажува дека приближно една петина од младите под 24 години, кои веќе имаат или сакаат да купат куќа, ќе добијат помош од родителите за депозитот. Генерално, над третина од младите веруваат дека доживотно ќе изнајмуваат стан, во споредба со четвртина во 2023 година, додека 67 отсто сметаат дека нивните шанси да купат куќа се полоши отколку пред една година. Судејќи по резултатите од ова истражување, оние кои не добиваат финансиска помош од своите родители за купување на првиот дом или за останување во семејниот дом додека не заштедат доволно за депозит, имаат мали или речиси никакви шанси да стекнат сопствен недвижен имот. Овие податоци, заедно со многу други, создаваат сериозни предизвици за актуелната власт да ги убеди гласачите дека економската ситуација во моментов е подобра од пред три години.

Во светло на овие резултати, прајминистерската *„предизборна офанзива за шарм"* во следните месеци најверојатно ќе има повеќе дефанзивен карактер.

## Соопштение

Управата на *Селското Друштво* и *Социјален Клуб Беранци* од *Мелбурн*, ги повикува сите свои членови и беранчани за заедно да ја прославиме традиционалната селска слава *Св. Атанас*, во сабота, 1ви февруари 2025 година, во 18 часот(6pm), во *Фераро рецепција*. Ви ветуваме незаборавна забава со популарните Македонски sвезди **Татјана Лазаревска** и **Новица Василевски**. е ја пропуштајте оваа вечер и забележете ја оваа дата во вашите календари! Присуствувајте и Вие со вашите семејства, роднини и пријатели! Сите сте добредојдени! За карти контактирајте ги: **Кире Петровски** *(Northern Suburbs)* – **0422 319 069**, **Перо Божиновски** *(Northern Suburbs)* – **0425 879 104**, **Гоце Вељановски** *(Western Suburbs)* – **0448 067 703** и **Димче Марковски** *(Western Suburbs)* – **0423 437 310**


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES LAWYERS

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

## Николоски: Владата ќе гради станови и ќе ги продава по „реални цени“!



На седница на Владата усвоена е одлука со која становите што ги гради Јавното претпријатие за станбен и деловен простор ќе се продаваат по реални цени.

„Со ова вршиме интервенција во пазарот за недвижности во Битола и запирање на лудилото на зголемувањето на цените на станови!“, објави на социјалната мрежа Фејсбук вицепремиерот и министер за транспорт, Александар Николоски.

„65 станови ќе се продаваат по 1.000 евра за метар квадратен, 11 дуќани по 2.000 евра за метар квадратен, 71 паркинг место по 500 евра за метар квадратен. Очекувам исти или слични активности и во други општини во периодот што следи“, напиша во својата објава Николоски.


Reg. No. A0042461G

АХАМ BRIDGE OF HUMANITY

ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**

Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256

Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117

**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841

**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440

**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635

**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027

**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568

**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613

**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256

**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:**
Целе Велјановски 9337 3931

**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:**
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038

**МЕЛТОН:**
Драги 0419 325 848

**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:**
Валентина 0451 820 045

**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559

**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:**
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563

**ЏАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**

**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989

**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595

**БЕНКСТАУН – ЛАГУНА:** Сашо 9707 1430,
0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727

**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287

**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493

**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965

**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**

**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719,
Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**

**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


## Уставниот суд оформи предмети за коридорите 8 и 10, а државата досега има исплатено скоро 300 милиони евра на „Бехтел и Енка“



Уставниот суд оформи предмет по иницијатива поднесена за член 10 став 4 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани) и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и коридорот 10 (делница на автопатот Прилеп-Битола).

Се оспорува правото на Стратешкиот партнер да му се дозволи да почне истражување и експлоатација на минерални суровини уште со чинот на поднесување на барањето за концесија од страна на Инвеститорот.

Подносителот смета дека одредбата е во спротивност со сите применливи регулативи за минерални суровини. Подносителот приложува пресуди, вешт наод и мислење со кои утврдува дека должниците го немаат комплетирано барањето за концесија за експлоатација, дека минирањата се изведени без целосна документација и без записници за извршените минирања. Според наводите во неговото барање, го известува Судот дека незаконски, без негово знаење и одобрување, му е преземан имот, и во текот на судските постапки било утврдено дека ја продал сопственоста поради влошената имотна состојба која настанала по семејни здравствени ситуации.

Вакви иницијативи имало и порано, но не се отворени процедури.

# Трендафилов: Ветувањата беа дека синдикалната кошница ќе се намали за 2.300 денари, а таа дури се зголеми




Претседателот на Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ), Слободан Трендафилов, посочи дека синдикалната минимална кошничка во моментот е единствениот релевантен параметар врз основа на кој можеме да ги следиме цените на 63 основни прехранбени производи кои се дел од истата. Според Трендафилов, загриженоста е што кошницата само во последниот месец се зголеми (додуша за минимални 123 денари), иако ветувањата од Владата беа дека ќе се намали за најмалку 2.300 или 2.400 денари.

Споредено со јануари 2024 за дури 10.43% е зголемен делот од кошницата за храна и пијалоци.

- Загрижува што од податоците произлегува дека цената на „синдикалната кошничка" е зголемена за 6.089 денари за една година. Може да замислите колку се разочарани граѓаните и работниците, кога на толку помпезно најавувана мерка од трговците и стопанствениците ги разочарувате оние со најниските примања кои одат од маркет во маркет и ги бараат најниските цени. Мерките немаа никаков ефект за оние со сто илјади денари плата, но за 70% од населението кое прима потпросечна плата имаат голем импакт, рече Трендафилов во гостувањето во „Топ тема" на ТВ „Телма".

Трајан Ангелоски од Сојузот на стопански комори, кој исто така гостуваше во „Топ тема" на ТВ „Телма", во однос на новогодишната кошница „Кампања на Владата: Помалку трошоци, повеќе за тебе" рече дека станувало збор за еден гест од добра волја од страна на одреден дел од трговците, но не сите биле обврзани да учествуваат.

**„ТИК-ТОК" ПРЕДИЗВИК ИЛИ НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ ВО ПРИЛЕП:**

## 11-годишен ученик скокнал од вториот кат во школото

Единаесетгодишен ученик од Основното училиште „Гоце Делчев" во Прилеп паднал од вториот кат на школото, за време на големиот одмор при попладневна смена во понеделникот. Неофицијално беше објавено дека му се слошило на големиот одмор меѓу часовите и го отворил прозорецот за да земе воздух. Но причината дополнително ќе биде утврдена.

Веднаш по падот детето било свесно и било пренесено во болницата во Прилеп, од каде е транспортирано на Клиниката за детска хирургија во Скопје. Има скршени петици, отоци и повреди на пршлените, и е вон животна опасност.

Станува збор за ученик кој е беспекорно послушен, дисциплиниран, воспитан, одмерен, дружељубив, трудољубив, со одличен успех и примерно поведение, соопшти директорката Снежана Котева.



## Пожар во старскиот дом во кавадаречко с.Чемерско - евакуирани сите 30 пациенти

Пожар го зафатил старечкиот дом во кавадаречкото село Чемерско, во кој беа сместени триесет лица.

- Нема жртва, тоа е најбитно. Приоритет беше да се извлечат на безбедно сите лица што престојуваат во домот. Пративме два минибуса и пет амбулантни возила кои ги транспортираа сите до Општа болница Кавадарци, од каде што семејствата можеа да си ги земат, истакна градоначалникот на Кавадарци, Митко Јанчев.

Според првите информации прво се запалил оџакот, а од него и покривот на домот. Таму биле сместени 30 постари луѓе од кои 5 биле неподвижни. Сите се живи и безбедно извлечени од објектот.

# Кој ќе ги лечи луѓето во Охридско-струшкиот регион за 10-15 години?




Здравствените установи во Охридско-Струшкиот Регион имаат недостиг од медицински персонал. Недостасуваат лекари, медицисни сестри, но и помошно-технички персонал.

Моментално, во Општата болница во Охрид има 470 вработени од кои 70 лекари специјалисти и 35 млади лекари на специјализација, 250 медицински персонал, 130 помошен технички персонал. Директорот д-р Маркоски вели дека е испратено барање за согласност за вработување на 17 лица, кадар од различни профили. Но има недостиг и на лекари анестезиолози, урологи... Лекари фалат и во Одделот за трансфузиологија, Одделот за физикална има двајца лекари кои се пред пензија, а Кожното одделение поради пензионирање, за брзо време ќе остане само со еден лекар. Сепак, најалармантно е во Одделот за лекување деца, каде повеќе од две години се вршат само прегледи и инфузиона терапија, но не и хоспитализација оти нема ноќна смена. Потешко болните деца на кои им треба хоспитализација се носат во Струга.

Во Струга има пет педијатри-специјалисти кои ги лекуваат и хоспитализираат децата од целиот регион и тројца специјализанти. Детското одделение во Струшката болница има капацитет за лежечка хоспитализација на 12 до 15 деца.

Во Специјалната болница за нефрологија во Струга моментално бројот на вработени е 226, а има 25 со договор на дело, претежно технички персонал. Но има итна потреба од лекари, медицински сестри, хигиеничари, болничари и друг персонал вклучувајќи и готвачи, административни работници, шофери. Во следните 5 години над 30 вработени одат во пензија, а од нив најголем број се медицински сестри. Дијализата е специфична работа каде требаат едуцирани медицински сестри.

Во струшка Нефрологија недостасуваат и општи лекари, а единствениот микробиолог за една година заминува во пензија. Болницата има само еден специјалист-физијатар но нема инфектолог, па поради тоа се затворила службата. Недостиг има и од урологи и анестезиолози. Моментално на специјализација се 12 лекари, уролог, анестезиолог, рентгенолог, интернисти и нефролози.



# Притвор од 30 дена за Раде Трајковски – Штекли и за уште девет лица



Основниот кривичен суд *Скопје* го прифати предлогот на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција за определување мерка притвор од 30 дена за **Раде Трајковски** познат по прекарот **Штекли**, како и за уште девет лица од криминалната група која е осомничена дека се занимава со продажба на дрога.

Македонската полиција на 18 јануари изврши рации во *Скопје* и *Гевгелија* при што го уапси **Раде Трајковски-Штекли** и неговите соработници .

Освен за **Штекли** притвор е определен и за уапсените: **П.З., Д.Т., В.В., А.В., Д.Џ.Х., С.С., С.М., К.К.** и **Ф.Р.**

За уште две лица кои се во бегство притворот ќе почнува да се спроведува од нивно пронаоѓање односно лишување од слобода.

## Криумчареле 48.000 пара чорапи преку Блаце

На 16 јануари обвинетиот косовски државјанин се обидел да избегне царинска контрола, така што во камионот со косовски регистарски ознаки кој пренесувал стока за правното лице преку граничниот премин *Блаце* биле ставени вкупно 48.000 пара чорапи кои не биле наведени во фактурите и во царинската декларација, информираат од Обвинителството. Царинските службеници при проверка ја пронашле и ја одзеле недекларираната стока во вкупна вредност од A$10,000.

## Пронајден починат 24-годишник во кавадаречко Марена

Момче на возраст од 24 години било пронајдено починато во када во куќа во кавадаречкото село *Марена*, информираа од Секторот за внатрешни работи – *Велес*.

*- На 20 јануари во 19:05 часот во ОВР – Кавадарци било пријавено дека во кадата во купатило во куќа каде престојувал во село Марена, пронајден бил починат 24-годишниот Д.Н. од селото Бегниште. Лекар од болницата во Кавадарци констатирал смрт без траги на насилство*, појаснуваат од *СВР – Велес*.

Увид на местото извршиле увидна екипа од *ОВР – Кавадарци* и јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary"*
*Western Region inc.-*
*340 Sydenham Road*
*Sydenham Vic 3037*



### МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ МУЦУНСКИ:

# Македонската дијаспора во Австралија - мост за поврзување на двете земји



Министерот за надворешни работи и надворешна трговија, **Тимчо Муцунски**, на проштална средба го прими вонредниот и ополномоштен амбасадор на *Австралија* во *Македонија*, **Даниел Емери**.

На средбата **Муцунски** му се заблагодари на амбасадорот **Емери** за неговиот значаен придонес во унапредувањето на билатералните односи меѓу двете земји за време на неговиот мандат.

Во текот на разговорот, соговорниците се осврнаа на одбележувањето на јубилејот – 30 години од воспоставувањето на билатерални односи помеѓу двете земји, како и на важната улога што ја има македонската дијаспора во *Австралија*. Таа претставува вистински мост за поврзување меѓу граѓаните на двете земји и значаен фактор во билатералната соработка.

Посебен акцент беше ставен на можностите за унапредување на економската соработка и зголемување на трговската размена меѓу двете земји. Министерот **Муцунски** и амбасадорот **Емери** разговараа и за продлабочување на соработката во повеќе области од заеднички интерес, вклучително во сферата на образованието, науката, здравството, културата и туризмот. На средбата беа разменети мислења и за актуелната политичка и безбедносна состојба во регионот и пошироко.

Од неофицијални извори дознаваме дека министерот **Муцунски** можеби ќе биде присутен на фестивалот на Македонската заедница што ќе се одржи од 31 јануари до 2 февруари во *Мелбурн*. Организатор на овој голем настан е фудбалскиот клуб *Престон Македонија* на домашниот стадион на *200 Broadhurst Ave.,* во *Резерво*. Преку три денови се планира богата програма со храна, пијалоци, жива музика, изложба на коли, забава за деца и многу друго. Идеално место за дружба што сите го знаеме и изобилство на паркинг.

# Во Викторија раст на број на случаи на бактерии кои јадат месо



Во *Викторија* има нагло зголемување на случаи на заболувањето со *Buruli ulcera*, болест предизвикана од бактерија која јаде месо. Заразата се проширила низ јужните и западните предградија на *Мелбурн*, а официјалните лица се загрижени поради зголемениот број случаи.

*Бурули улцер* е позната болест во *Австралија* уште од 1940-тите, а случаи се забележани во *Викторија*, *Северната Територија* и северен *Квинсленд*. Заклучно со 17 декември, регистрирани се 344 случаи на заболени, што е слична бројка со истиот период од 2023 година кога биле регистрирани 362 случаи.

Докторите рекле заболените обично развиваат грутка или рана, која на почетокот може да личи на каснување од инсект и сите луѓе се подложни на оваа инфекција, но заболените се претежно на возраст над 60 години. Тие напоменуваат дека периодот на инкубација варира од четири недели до девет месеци и раните може да се појават било каде на телото, но најчести се на екстремитетите.

Експертите ги советуваа луѓето да користат средства за заштита од инсекти, да носат лесна, широка и светла облека и да избегнуваат места каде што има комарци кои ја пренесуваат болеста. Тие исто така ги советуваат луѓето да избегнуваат да бидат на отворено во периодот кога комарците се најактивни.

# ОВОЈ ВИКЕНД ВО СИДНЕЈ ЌЕ СЕ ИГРА МАСО КУП

Годинашниот *Масо куп* ќе биде одржан во *Сиднеј* а домаќини се четири клубови: *Рокдаел Илинден*, *Сиднеј Македонија (Бенкстаун Лајонс)*, *Арнклиф Скотс* и *Јагуна Лајонс*. Турнирот кој ги собира македонските фудбалски клубови од *НЈВ*, *Викторија* и *Квинсленд* започнува в петок, 24 јануари, а завршува в недела, на 26 јануари. Преку трите денови за продолжениот викенд ќе се одиграат натпреварите, а на првиот ден официјалниот почеток ќе биде на стадионот на *Рокдаел Илинден*, додека финалето ќе се игра на стадионот на *Сиднеј Македонија* на *Ценсен парк*.

За *Македонскиот куп 2025* најавија свое учество: *Квинбијан Сити, Џилонг Македонија, Саншајн Лајонс, Лајло Јунајтед Слога, Шелхарбор, Шепартон, Њукастел Санс, Престон Македонија, Бродмедоу Маџик, Волонгонг Јунајтед, Крингила Лајонс* и домаќините *Рокдаел Илинден, Арнклиф Скотс, Сиднеј Македонија* и *Јагуна Лајонс.*

Ќе настапат првите тимови, подмладокот, ветераните над 35 години и женските екипи.

Влезот на сите натпревари е бесплатен и нашата заедница во *Сиднеј* ќе може да ужива во големиот собир на македонски фудбалски екипи во *Австралија*.




**NUMERIC ACCOUNTING**

SPECIALISING IN SMALL BUSINESSES

✔ Accounting & Bookkeeping
✔ Tax Returns ✔ GST & BAS Returns ✔ Payroll
✔ MYOB, Xero & Quick Books

За сите ваши потреби околу вашата такса зборувајте со Ангела

ELECTRONIC LODGEMENT OF ALL RETURNS

Accountant & Registered Tax Agent




Mob: 0403 413 427 angenumeric@gmail.com

### КАНАДА СО РЕАКЦИЈА НА НАЈАВАТА НАТРАМП ЗА ЦАРИНИ:

# Нашиот одговор ќе биде силен, брз и одмерен

Канадскиот премиер **Џастин Трудо** изјави дека ако претседателот *Доналд Трамп* сака да воведе „златно доба" за Соединетите држави, ќе му треба енергија, клучни минерали и ресурси што *Канада* е подготвена да ги обезбеди.

*„Тука сме за да бидеме конструктивни партнери"*, рече **Трудо** во својата прва јавна изјава откако **Трамп** предложи дека може да воведе царини од 25 отсто на канадскиот увоз во рок од неколку дена. Иако **Трамп** се закани дека ќе воведе казнени царини за *Канада* на неговиот прв ден на функцијата, на денот на инаугурацијата тој избра да објави план за проучување на наводните нефер трговски практики.

Тој потпиша извршна наредба со која се наложува студијата да биде завршена до 1 април.

Сепак вечерта, при потпишувањето на оваа и другите извршни наредби, **Трамп** рече дека размислува за воведување царини од 25 отсто за *Канада* и *Мексико* почнувајќи од 1 февруари.

*„Размислуваме за царина од 25 отсто за Мексико и Канада, бидејќи тие им дозволуваат на огромен број луѓе - Канада е исто така многу лош престапник - огромен број луѓе и фентанил да дојдат во Соединетите држави"*, им рече **Трамп** на новинарите во Белата куќа.

**Трудо** рече дека *Канада* веќе била во ваква ситуација за време на првата администрација на **Трамп**.

*„Секогаш ќе има одредена количина на непредвидливост и реторика од оваа администрација"*, рече тој.

**Трудо** рече дека фокусот на неговата влада останува на избегнување царини - но ако тие напори не успеат, *Канада* ќе одговори и *„сите опции се на маса"*.

*„Нашиот одговор ќе биде силен, брз и одмерен, но многу цврст. Целта ќе биде да се отстранат овие тарифи што е можно побрзо"*, рече **Трудо**.



## МАКРОН:
# Европа треба да се разбуди



Претседателот на *Франција*, **Емануел Макрон** изјави дека конфликтот во *Украина* *„нема да заврши утре, ниту задутре“*, алудирајќи на најавата на новиот американски претседател **Доналд Трамп** за брзо завршување на војната.

Не може да има мир и безбедност во *Европа* без Европејците и без тоа да биде договорено од Европејците, истакна **Макрон** во обраќањето пред армијата во базата во близина на *Рен*.

Тој додаде дека *„предизвик е да и обезбедиме средства на Украина за да издржи и да влезе во какви било идни преговори од позиција на сила. како и гаранции за нашата сопствена безбедност“*.

**Макрон** ја повика *Европа „да се разбуди“* и да ги зголеми трошоците за одбрана за да ја намали зависноста од *САД*.

Што ќе правиме утре во *Европа* ако нашиот американски сојузник ги повлече своите воени бродови од *Медитеранот*? Ако ги испрати своите борбени авиони од *Атлантикот* во *Пацификот*?, посочи **Макрон**. Според него, *Франција* и *Европа* мора да се адаптираат на променливите закани и интереси.

# Колку се изводливи заканите на САД за царини и даноци за трговските партнери?

Во инаугуративното обраќање, **Трамп** вети дека ќе воведе царини за производи од други земји, а подоцна рече дека може да воведе царини од 25 отсто за *Канада* и *Мексико* веќе од 1 февруари.

Политикологот **Иво Рангеловиќ** вели дека тоа единствено може да има обратен ефект врз куповната моќ на американските државјани и дека трговските војни не се долгорочно решение за *САД*.

**Рангеловиќ** смета дека доколку **Трамп** отвори фронт со *Европа* во некаква трговска војна тоа може само да ја охрабри *Европа* да гради односи со *Русија* и *Кина*. На таква линија е и претседателката на *Европската Комисија*, **Фон дер Лајен**. Таа во *Давос* рече дека светот влегува во нова ера на геостратешка конкуренција и *Европа* на тоа може да одговори само со градење добри односи.

Германскиот канцелар **Олаф Шолц** ја бранеше слободната трговија како основа на просперитет. Сепак, вели дека *САД* се најблискиот сојузник на *Германија* надвор од Европа и дека *Берлин* ќе се обиде така и да остане.

Дури и *Кина* се обврза на слободна трговија. Вицепремиерот **Динг** вели, нема победници во една трговска војна.



# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1847 Year 36 • Tuesday, 21 January 2025 • Price $5.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL
335 High St Preston
03 9471 4556
03 9471 4559
mobile 0401 686 970

СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА ДО ДИПЛОМАТИТЕ: ЕУ ТРЕБА ПОМАЛКУ ДА НАРЕДУВА, А ПОВЕКЕ ДА УБЕДУВА

ПРЕДИЗБОРНА ОФАНЗИВА НА АЛБАНЕЗЕ

ПАД НА ВРЕДНОСТА НА АВСТРАЛИСКИОТ ДОЛАР

БОГОЈАВЛЕНИЕ (ВОДИЦИ) ВО АВСТРАЛИЈА

МИСАЈЛОВСКИ: МАКЕДОНИЈА НЕМА ДА ПРАТИ ВОЈНИЦИ ДУРИ НИ ЗА МИРОВНИЦИ ВО УКРАИНА

ОД ПРЕМРЗНУВАЊЕ ПОЧИНАЛЕ БЛИЗНАЦИ СТАРИ ОСУМНАЕСЕТ ДЕНА ВО СЕЛО СЛАВЕЈ

ПУШТЕНА Е ВО УПОТРЕБА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА КУМАНОВО-БЕЉАКОВЦЕ (31КМ)


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места / Comcare Claims
- Суперанунација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ



## РЕПРЕЗЕНТАТИВЕЦОТ ВЕЛКОВСКИ СИ ПРОНАЈДЕ НОВ КЛУБ

Дарко Велковски остава зад себе непријатен период во кој доста време си бараше нов клуб, но деновиве пристигна информација дека македонскиот репрезентативец конечно пронашол нова средина. Стоперот во изминатите шест месеци единствените настапи ги имаше како член на националниот тим кој го води Благоја Милевски, но сега за новите предизвици кои следат од март може да се бори за место како играч со натпреварувачки ритам.

Унгарскиот клуб Ниреѓихаза Спартак соопшти дека му понудил договор на Македонецот за соработка до крајот на сезоната, со опција истиот да биде продолжен.

– Мислам дека унгарското првенство е многу добро, а клубот располага одлична инфраструктура и модерен стадион. Би сакал да одиме напред на табелата, сакам да и помогнам на Спарта да ја оствари својата цел. Ми се допаѓаат целите на раководните луѓе, како и стилот на игра кој ми беше претставен од стручниот штаб. Среќен сум што кариерата ја продолжувам во овој клуб – гласи изјавата на Велковски.

Нирeѓихаза Спартак се бори за опстанок во унгарската елита, па јасно е дека цел на Велковски и неговите нови соиграчи ќе биде да избегнат испаѓање во Втора лига.

# Есенскиот шампион ФК Силекс опстојува благодарение на ТВ „Сител"



Националната телевизија „Сител" донирала 923.000 евра за фудбалскиот прволигаш „Силекс" во 2023 година и со тоа сама обезбедила над 80% од сите приходи на овој фудбалски клуб со најдолг прволигашки стаж во независна Македонија, пишува во финансискиот извештај на независните ревизори на ФК „Силекс".

Инаку ФК „Силекс" во 2023 година заврши на четврто место во Македонската фудбалска лига и во таа сезона потроши 1.14 милиони евра (726.000 евра за плати на играчите и стручниот штаб, 335.000 евра за оперативното работење на фудбалскиот клуб...).

Телевизија „Сител" била донатор на фудбалскиот клуб и во претходната 2022 година. Тогаш донацијата дадена на ФК „Силекс" изнесувала 500.000 евра.

Освен ТВ „Сител", донација на опстојувањето на ФК „Силекс" дала уште една фирма од холдингот „Силекс" - тоа е „Силпен Ст". Оваа компанија за фудбалот во 2023 година издвоила 50.000 евра.

Освен двата донатора ФК „Силекс" во таа година имал и еден спонзор (уште една фирма од холдингот на „Силекс"), а станува збор за компанијата „Силкрат" која издвоила 132.700 евра за реклама која е поставена на стадионот во Кратово.

ФК Силекс моментно е на чело на ПМФЛ по првиот дел од сезоната.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

## Уште едно заминување од Брера - Кауан се пресели во Туран



Во струмичка Брера уште едно заминување на фудбалер. По една година мината во тимот и 13 настапи во есенскиот дел си замина стоперот Кауан Александре Мартинс де Паула.

Кауан е нов играч на азербејџански Туран, со кого Бразилецот се договори на соработка до крајот на сезоната, со можност договорот да биде продолжен на уште една година.

Во оваа пауза на полусезона од Брера веќе заминаа: Георгије Јанкулов, Димитар Тодоровски, Антонио Каланоски, Филип Куманов, Коста Манев, Драган Стојков, Дарко Лазиќ, Урош Стamениќ, Јорк Бецера, Даниел Миловановиќ и Марјан Ристовски.

**НЕЈМАР ЗАВРШИ ВО САУДИСКА АРАБИЈА:**

## За секој одигран меч во 2024 наплати по A$84 милиони, а не им простува уште A$104 милиони



Едно иполгодишната фудбалска авантура на Нејмар во Саудиска Арабија заврши. Шокантно делуваше веста кога во јуни 2023 година Нејмар одлучи да си замине од Пари Сен Жермен за да дојде во тимот на Ал-Хилал. Сега, по 18 месеци поминати како играч на Ал-Хилал, од клубот на Нејмар му порачаа дека веќе не сметаат на неговите услуги и го тргнаа од списокот на играчи.

Веќе е повеќе од јасно дека Бразилецот до крајот на овој месец ќе најде нов клуб, а речиси сигурно е дека Нејмар ќе се врати во Сантос, неговиот клуб од детството, клубот од каде што ја започна неговата кариера.

Нејмар имаше тешка повреда и тоа скинати вкрстени лигаменти на коленото, па затоа во 2024 година на терен помина само 42 минути, и тоа поделени во два меча.

Во 2024 година Нејмар од Ал-Хилал заработи неверојатни A$170 милиони. Тоа значи дека Бразилецот заработил A$85 милиони по настап во 2024 година, односно A$4 милиони за секоја минута помината на теренот. Пресметано е дека Нејмар за секој допир на топката на теренот во 2024 година заработи A$1.8 милиони.

Ваква финансиска заработка за толку малку покажано на теренот немало никогаш во историјата на фудбалот.

Бразилецот сепак очекува од Ал-Хилал да му бидат исплатени уште A$104 милиони - сума што му следува како плата до крајот на договорот, која се пресметува до средина на 2025 година.



# „Кадилак“ ќе плати A$720 милиони за учество во Формула 1



Влезот на „Кадилак“ во Формула 1 ќе го чини 450 милиони американски долари (околу A$720 милиони). Ова е сумата за која страните наводно се договориле за време на преговорите меѓу „Кадилак“ и Формула 1.

Сите детали од договорот се очекува да бидат официјално одобрени во блиска иднина.

Претходно, кога се разговараше за потенцијалното пристигнување на нов тим во Формула 1, претставниците на тимовите кои веќе се натпреваруваат во шампионатот се изјаснија за минимална сума од 600 милиони американски долари (скоро A$960 милиони) на новиот тим, така што ќе може да компензира „разредување“ на наградниот фонд од 10 на 11 учесници.

Конкретно, извршниот директор на „Мерцедес“, Тото Волф, го изрази своето несогласување со оваа сума.

– Ние (сегашните учесници во Ф1) ќе бидеме првите што ќе загубиме. На крајот на краиштата, сè уште не знаеме за каква големина на инвестиција во Ф1 зборуваме од „Кадилак“. Но, исплатата на компензација, која во моментов изнесува 450 милиони американски долари, е премала. Оваа сума не ги компензира другите тимови за директната загуба на приход што ќе ја претрпат со додавање на 11-та екипа.

„Кадилак“ треба да се натпреварува во Ф1 шампионатот од 2026 година.

# Првата трка со луѓе и роботи во април



Кинеските власти за во април го најавија првиот организиран светски полумаратон во Пекинг, на којшто ќе се натпреваруваат луѓе и човеколики роботи.

Има отворена покана до сите роботички компании ширум светот да земат учество во трката долга 21 километар што вообичаено се на улиците на кинескиот главен град со 12.000 луѓе-натпреварувачи, а најдобрите 3 роботи-учесници ќе добијат награди. Може да учествуваат компании, истражувачки институти, клубови за роботика и универзитети од целиот свет кои развиваат човековидни роботи. Клучниот услов е: роботите мора да личат на луѓе и треба да бидат опремени со механичка структура што овозможува движења како одење или трчање на две нозе. Тркала и повеќеножните уреди, на пр., се исклучени. Исто така, роботите ќе треба да бидат високи меѓу 0,5 и 2 метри.

Учеството е дозволено и за далечински управувани, и за самоуправувачки роботи, а дозволена е и замена на батеријата за време на трката.

Неофицијални трки со роботи во Пекинг имало и претходно. Овој натпревар, според некои познавачи, е дел од амбициозните напори на Кина да стане светски предводник во областа на вештачката интелигенција и роботиката.




Australian Macedonian TODAY
# СПОРТ
ISSN 1442-195X

# MACEDONIAN COMMUNITY FESTIVAL

## 31 JAN - 2 FEB




**FOOD/WINE**
KEBAPI, KOLBASI, GRAF, SELSKO MESO, BUREK TRILECE, TULUMBI, RAKIJA, COCKTAILS & MORE!

**COMPETITIONS & RAFFLES**
EATING COMPETITIONS & GIVEAWAYS

**PERFORMANCES & ENTERTAINMENT**
LIVE MUSIC, ENTERTAINMENT & DANCING

**SPECIAL GUESTS**
MY COUSIN VLAD & MORE!

**KIDS ZONE**
PLAYERS SIGNINGS + MEET & GREET, MATCHES, COMPETITIONS, FACE PAINTING, BALLOON ART, INFLATABLE SHOOTING PRACTICE, GIVEAWAYS & LOTS MORE!

**FOOTBALL GALA**
JUNIORS, MENS & WOMENS MATCHES

**CAR SHOW**
CLASSIC & PERFORMANCE VEHICLES

## FREE ENTRY FOR ALL!

**Genis Steel Stadium:**
200 Broadhurst Ave, Reservoir.

PRESTON LIONS F.C.
EST. 1947

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА




ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа



arnold thomas & becker lawyers

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

573-577 Lonsdale Street, Melbourne VIC www.arnoldthomasbecker.com.au